СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Првото продолжение на Петтата седница на
Собранието на Република Македонија,
оджана на 23 јануари 2003 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам да почнеме со работа.

Согласно најавата, продолжуваме со работа по Петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Славица Грковска, Каролина Ристова, Марјан Ѓорчев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме по едно копче од системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата присуствуваат 76 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа по 20-та точка од Петтата седница.

Минуваме на точката 20 - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Тетово.

Предлогот за разрешување ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Овде има поголем број на пријавени, па дали се за оваа точка?

Господинот Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, јас побарав збор, ако ми е допуштено, да кажам нешто по повод враќањето на пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија во работата на пленарните седници.

Господине претседателе, почитувани пратеници, сакам да кажам неколку збора во име на Пратеничката група на Либералната партија и на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по повод редовното доаѓање на пленарните седници.

Ние, како што знаете, изјавивме дека нема да присуствуваме до 31 декември на пленарните седници на Собранието, наведовме јасна причина. Причина за тоа ја наведовме големата изборна измама која Коалицијата за Македонија на чело со Социјалдемократскиот сојуз ја приреди на граѓаните на Република Македонија, бидејќи во предизборната кампања сите челници на СДСМ и Либералнодемократската партија упорно тврдеа дека ни по која цена нема да прават коалиција со ДУИ, а потоа ја направија.

Нашиот протест беше и со намера граѓаните да видат во чиста форма како ја правите коалицијата и видоа. Видоа и како ќе работи Парламентот без нас. Мислиме дека Парламентот имаше многу лош старт, всушност многу слабо работеше и чувствуваме обврска и спрема граѓаните да дојдеме овде и да се приклучиме во работата на Парламентот.

Еве сега изјавуваме дека редовно ќе работиме, редовно ќе доаѓаме и ќе делуваме конструктивно како што ни прилега. Меѓутоа, сакам да кажам тоа го правиме од обврската спрема граѓаните, од обврската спрема парламентарниот систем и со намера да помогнеме Парламентот да ја изврши успешно својата уставна улога. Мислам дека без нас тоа не ќе можат да го направат.

Затоа обрнувам внимание дека ние ќе издржиме на нашата обврска, но очекуваме коректна соработка и од страна на мнозинството, од Владата и посебно од претседателот на Собранието.

Ние мислиме дека ситуацијата во земјата и во нашата парламентарна практика е таква што наскоро треба да организираме една расправа во Парламентот за политичката ситуација, условите за работа на Парламентот и на опозицијата во него. За тоа ќе му се обратиме на претседателот, ќе поразговараме и се надеваме дека нема да има тешкотии околу тоа да се договориме.

Ете, тоа е што требаше да го изјавам овде пред вас при доаѓањето и вклучувањето во работата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За другите незнам, но со претседателот на Парламентот нема да соработувате ни коректно ни некоректно, туку во рамките на Деловникот и Уставот.

Сега има уште голем број на пријавени дискутанти, јас само да проверам оние кои првобитно беа пријавени со самото отворање на седницата дали се пријавени

за збор или случајно го имаат тоа направено. (Претседателот набројува неколку пратеници, но се работи за грешка). Останува само господинот Хисни Шаќири.

Господинот Ѓорѓи Спасов бара реплика на излагањето на господинот Андов.

ЃОРЃИ СПАСОВ:

Во име на СДСМ сакам да го поздравам враќањето на пратеничките групи на ВМРо-ДПМНЕ и на Либералната партија во Собранието на Република Македонија, бидејќи секогаш сме мислеле дека местото на избраните пратеници е во Собранието каде тие имаат можност и да ги знесуваат сопствнеите ставови и да се залагаат за сопствената политика и истовремено за конструктивен придонес во сето она што е заедничка цел на граѓаните на Македонија, а тоа е Македонија да ја градиме како стабилна и просперитетна држава која ќе има можности што е можно побрзо да се приклучи  кон земјите од Европската Унија.

Истовремено семтам на тоа дека членовите на парламентарната опозиција навистина ќе бидат дел од еден конструктивен амбиент во кој ќе можеме да ја почитуваме со респект и опозицијата и партиите од власта и пратениците од целокупниот пратенички состав кои се во овој Парламент да се овозможи да водиме една нормална работа за сите прашања кои ќе бидат на дневен ред во Република Македонија.

Сакам да кажам дека во делот на образложението на господинот Стојан Андов имаше одредени работи кои за нас се целосно неприфатливи, бидејќи тогаш кога сегашната опозиција ги соопти причините за нивното бојкотирање на Парламентот не беше наведено она што овој пат беше споменато, туку беше споменато дека тие нема да влезат во Собранието се додека во ова Собрание се наоѓаат оние кои тие ги сметаат сеуште за терористи, балисти и тн. и очигледно оваа промена на пратеничкиот став на парламентарните партии на ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија е еден позитивен исчекор во насока на создавање амбиент во нашата држава за меѓусебно почитување, за меѓусебна соработка и за унапредување на вкупните односи во Република Македонија

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Андов барате реплика? Имате право на една минута.

СТОЈАН АНДОВ:

Го поздравувам овој поздрав од господинот Спасов, ќе беше добро исти погледи на Парламентот и на конструктивноста да имаа и во минатиот состав кога три месеци  ги немаше во  Парламентот во најчувствително време, па дури не дадоа ни објаснение кога се вратија, но тоа ќе го оставиме за друг пат, а објаснението

зошто не доаѓавме само господинот Спасов не го слушнал, тој слушнал вака како што кажа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Шаќири, но кажете што барате?

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Реплика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На кого?

ХИСНИ ШАЌИРИ:

На господинот Андов.

Дами и господа пратеници, почитуван претседателе и ние како Демократска унија како парламентарна група на ДУИ го поздравуваме враќањето на ВМРО-ДПМНЕ и на Либералната партија во Парламентот, тоа е еден многу позитивен чекор кој сигурно очекуваме и тие да го дадат својот придонес што се однесува до работата на Парламентот. Но, условувањето за нивното недоаѓање со владината коалиција меѓу ДУИ и македонскиот блок "За Македонија заедно" кои ги добија изборите мислам дека е неоправдан и не придонесува во развојот на демократските процеси во Македонија.

Кога господинот Андов вели дека имаме една одговорност и затоа не велиме и реагираме, вели дека не ја прифаќаме коалицијата со ДУИ, таа одговорност мислам дека не ја кажува на вистински начин, на прав начин и сето она што го вели го вели со една политичка заднина. Кога велам со политичка заднина целта е и понатаму ситуацијата во Македонија да биде напната. ДУИ е политичка партија регистрирана и својата активност ја развива внатре во границите на Македонија и сите членови-симпатизери на ДУИ се граѓани и државјани на Македонија.

Мислам дека во овој правец е една многу погрешна изјава или оценка на сите политички структури на политичкиот блок на македонците дека оваа коалиција е на штета на севкупните односи и интереси на Македонија затоа јас барам во иднина да бидеме многу поконструктивни и да придонесеме сите проблеми со кои се соочува Македонија да ги решаваме заеднички.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Андов има контрареплика.

СТОЈАН АНДОВ:

На господинот Шаќири нема да му одговорам на неговите добри желби што ги кажува, токму имавме намера да видиме вредат ли тие желби и за тоа еве до 31

декември не доаѓавме да бидете комплетно слободни да ја подобрите безбедносната ситуација. Само мислам дека и во таа област има многу што да сторите, има многу матни работи, уште е сме виделе што е таа ваша коалиција, што е договорот меѓу овие две групации. Договорот не е објавен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Шаќири немате право веќе.

Предлагам тука да запреме со ова што беше вон точката на која работиме.

Отворам претрес по Предлогот за разрешување на судија на Основниот суд во Тетово.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на Загорка Велковска од функцијата судија на Основниот суд во Тетово го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 86 пратеници, 80 гласале за, воздржани 3, против 3.

Констатирам дека Закорка Велковска е разрешена од функцијата судија на Основниот суд во Тетово поради исполнување на условите за старосна пензија.

На госпоѓата Велковска и посакуваме пријатни пензионерски денови.

**Минуваме на точка 21 - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кочани.**

Предлогот за разрешување Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на Методи Костадинов од функцијата судија на Основниот суд во Кочани го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 85 пратеници, за 81, воздржани 3, против 1.

Констатирам дека Методи Костадинов е разрешене од функцијата судија на Основниот суд во Кочани заради исполнување на условите за старосна пензија.

На господинот Костадинов исто така му посакувам пријатни пензионерски денови.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Петтата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 11,30 часот).